[redacted]

1005 126/1

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.**
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Да ми се достави примерок од вашите донесени решение под : УП. Број 1104-595 од 27-11-2023г. ; УП. Број 1104-594 од 27-11-2023г. ; и број 1104-379 од 14-12-2023г.;**

**Истите ми се итно потребни како би можел благовремено да го употребам дадениот правен лек во одлуките кои ги има донесено МТСП во извршување на претходно наведените ваши решениа.**

**Не благовременото доставување на бараните информации ќе се смета како тенденциозни опструкции на службените лица кај имателот на информациите.**

**Воедно поради тоа што моментално сум болен како и имајќИ го предвид фактот дека преку ПТТ ЈУ-МЦСР одеднаш во еден ден ми достави над 20 управни акти не сум во можност на сите благовремено да ги употребам дадените правни лекови па во оние управни акти каде жалба се доставува до вас како второстепен орган барам дополнително време од законски предвиденото.**

___________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:
[redacted]
(странка во наведените предмети од кои се барат информациите)

ПОДНОСИТЕЛ [redacted] ____________

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

31.01 2024 година

**Архивски број:** 1005-126/2

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од Ваша страна до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 30.01.2024 година и заведено под број 1005-126/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото не може да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа повторно **Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок, а не со Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија во кој го образложите Вашето барање.**

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

[redacted] / контр/Преис. [redacted]
12.02.24

До: Државна комисија за одлучување во
управна постапка и постапка од
работен однос во втор степен - Скопје

Примено: 12 02 24
1005 126/3

Предмет: **одговор со барање**

Во врска со вашето ,,известување,, под **Арх.бр.1005-126/2 од 31-01-2024г.** укажувам на следното:

Доколку ми доставите примероци од наведените решениа во БСПИЈК од 30-01-2024г. во тој случај наведеното БПИЈК прифаќам да го третирате како обичен поднесок-барање (како странка во наведените решениа) и не барам за истото да изготвувате соодветно решение согласно ЗСПИЈК. Во спротивно по БСПИЈК поднесено на ден 30-01-2024г. постапете согласно ЗСПИЈК.

Јас истото го поднесувам поради тенденциозни опструкции и незаконити дејства во постапката од страна на првостепениот орган а со тоа и одолговлекување на истата во неразумен рок со цел оневозможување на барателот да го оствари своето право и правни интереси.

**НАПОМЕНА:** пратките да се доставуваат на следната адреса:
[redacted]

Подносител: [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

05.03. 2024 година

**Архивски број:** 1005-126/4

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Постапувајќи по Вашиот одговор Барање доставено од Ваша страна до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а во врска со Известување со наш број 1005-16/2 од 31.01.2024 г. , Ве известуваме за следново:

Како што Ве известивме, Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото не може да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Поради тоа, уште еднаш Ве упатуваме **да се обратите со писмен поднесок, а не со Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија во кој го образложите Вашето барање.**

Воедно, Ви укажуваме дека Државната комисија со доставување на Известувањето со наш број 1005-126/2 од 31.01.2024 г. постапи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер број 1005-126/1 од 30.01.2024 г.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk